# ДРЖАВЕН НАТПРЕВАР ПО ХЕМИЈА

16 јуни, 2021

1) Тестовите се захефтани заедно со коверти. Во секој коверт има ливче во кое треба да ги пополниш своите податоци: име и презиме, училиште, ментор, и да го **залепиш ковертот**!

2) Не ставај никаква ознака на тестот, ковертот или просторот за внесување на шифра (шифрата ја внесува комисијата). Доколку се забележи некаков знак на тестот или ковертот, следува дисквалификување.

3) Решавај го тестот користејќи **сино хемиско пенкало**, одговорите напишани со молив нема да бидат признаени.

4) Забранета е употреба на учебници, книги, тетратки, ливчиња, празни листови, периоден систем, мобилен телефон и сл. Мобилните телефони треба да бидат оставени на катедрата или надвор од просторијата.

5) Забранет е **било каков** разговор меѓу натпреварувачите. Ако имаш некое прашање, тогаш тестаторот треба да го повика одговорниот наставник.

6) Внимателно прочитај го тестот и одговори според барањата со: заокружување, дополнување или внесување на **решението во предвидениот простор од задачата**. Комисијата **ќе ги оценува само одговорите напишани во предвидениот простор за тоа.** Празната опачина на секој лист може да се користи за слободно решавање, но тоа нема да се оценува!

7) Максималниот број поени што може да се освојат е **50**. Во првиот дел на тестот со заокружување на еден точен одговор од повеќе понудени се добиваат 2 поена (максимум 20). За задачите од вториот дел може да се освојат максимум 20 поени. Максималниот број поени предвидени за решавање на замислениот експеримент е 10.

8) Натпреварот **трае 90 минути**. Тестовите предадени по предвиденото време нема да се земат предвид за прегледување.

***Ви посакуваме успешна работа!***